Врз основа на чл.36 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Р. Македонија бр.05/2002) и чл.14 ст.1 т.40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен Гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010), Советот на Општина Крива Паланка на вонредната седницата одржана на ден 04.04.2015 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ДЕН НА ЖАЛОСТ ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Недела 05.04.2015 година се прогласува за Ден на жалост во Општина Крива Паланка, по повод трагичната смрт на Фросина Цековска која во петокот трагично го загуби животот во сообраќајна несреќа во Скопје.

Член 2

На Денот на жалост знамињата во Општина Крива Паланка ќе бидат истакнати на половина копје. Сите културни и спортски манифестации закажани на територијата на општината за утре се одлагаат.

Угостителските објекти кои се на територијата на општина Крива Паланка ќе емитуваат сериозна музика.

Член 3

Ова одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09 – 1063/1**
**04.04.2015 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с,р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за ден на жалост**
**во Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за ден на жалост на Општина Крива Паланка по повод трагичната смрт на Фросина Цветковска која во петокот на 03.04.2015 година трагично го загуби животот во сообраќајна несреќа во Скопје.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1063/2** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.04.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо**
**Алексовски,с,р.**

---

**С О Д Р Ж И Н А**

1. **Одлука за прогласување ден на жалост во Општина Крива Паланка – 04.04.2015 год. за Фросина Цветковска** **114**

2. **Заклучок за прогласување на Одлуката за ден на жалост во Општина Крива Паланка – 04.04.2015 година ..................** **115**

---